23

Република Северна Македонија ... Влада ... (stamp)

| Примено | | 19-02-2021 | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 19- 29/1 | | / | / |

Врска 25-45/1-20

Влада на Република Северна Македонија
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Здружение МЛАД... Бр. 01/21 17.02.21 СКОПЈЕ

Здружение Младински форум за соработка Скопје

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

Туристичка интерактивна платформа и апликација за корисници на ваучери за помош во туризмот од Владата на Република Северна Македонија

(Име на проектот)

Скопје, 05. 10. 2020 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка | 25-45/1 od 10.-6.2020 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение Младински Форум за Соработка-Скопје |
| Наслов на проектот | Туристичка интерактивна платформа и апликација за корисници на ваучери за помош во туризмот од Владата на Република Северна Македонија |
| Период на спроведување на проектот | од 06.2020 година до 09.2020година (4 месеци) |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Оливер Ромевски |
| Проектен менаџер | Оливер Ромевски |
| Телефон и е-пошта за контакт | 389/77 811 171 mladinskiforum@gmail.com |
| Цел на проектот | Туристичка интерактивна платформа и апликација за корисници на ваучери за помош во туризмот од Владата на Република Северна Македонија е компјутерска програма што извршува специфична лична, едукативна и деловна функција. Оваа програма е дизајнирана и му помага на корисникот во процесот на барање на најсоодветна локација за одмор за себе и своето семејство притоа користејќи ја помошта што Владата на Република Северна Македонија му ја овозможува. Оваа цел е комуникацијата на граѓаните со економските туристички оператори да се сведе на процедура од десетина минути за изнаоѓање на решение, што и се реализираше во целост.<br>Едноставно, дома на својот компјутер или телефон корисниците ја имаа вистинската информација. Оваа апликација веќе се покажа како мегауспешна, и нејзината примена само со преадаптирањето ги постигна максимум резултатите, благодарејќи на интернет(Facebook) промоцијата допре многу брзо до преку многу граѓани. |
| Целна група | 1.Сите корисници на туристичките ваучери како економска помош за справување со **COVID-19** кризата од страна на Владата на Република Северна Македонија;<br>2.Сите граѓани во Република Северна Македонија кои имаат финансиски средства за годишен одмор кој по сила на нештата ќе го поминат во Република Северна Македонија;<br>3.Сите странски државјани кои се заинтересирани да го поминат својот годишен одмор во Република Северна Македонија по завршувањето на **COVID-19** кризата. |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Цела Република Северна Македонија, сите економски туристички оператори, корисниците на туристички ваучери, општините, културните институции, |

| | |
|---|---|
| | туристичките дестинации во државата, спортските капацитети, базени, аква-паркови итн. |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 641,700,00ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 641.700,00ден. |

**2. Резиме** - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Бидејќи се работеше за веќе подготвена страница и апликација, но и краток рок за инплементација на проектите активности проектниот тим веднаш пристапи кон правата фаза во која беше обезбедена подготовка на ресурсите, преадаптација на софтверот, комуникацијата, подршката, двата ИТ инжинери беа обезбедени, обезбедени соодветни дата внесувачи на податоци,Договори со сниматели и фотограф, беше направен редизајн на основната сајт страница, вметнати новите онформации и податоци конкретно за овој Проект, обезбедена архива на податоци од страна на Министертсвото за економија и Агенцијата за туризам. Создадена е база Проектот да влезе во втора фаза. Направени се сите подготовки, а некои работи се комплетно завршени како редизајн на страна, сценарио, договори за сите позиции во проектот и квалитетни личности, опрема, сценографија и костимографија, маркетионг оператор, студио, економски оператор за поставување на банер, обезбедена дебитна картичка од банкарски оператор за спроведување на фејсбук кампањата како приоритет.Значи беше завршена целосната предпродукција на Проектот. Внесувањето и активноста бр.2 на податоците во голема мерка зависеше од објавувањето на економските оператори кои ќе примаат ваучери издадени од Владата, за да може Проектот да ја има таргетната цел. Бе аобјавени на 06.07.2020 и веднбаш се пристапи кон нивно внесување и основното внесување беше завршено за 15 дена, но потоа до крајот на проектот дата операторите-внесувачи ги адаптираа податоците со соодветна слика, проверка на телефон, на мејл, дали објектот постои, гугл мапаинг. Овој период беше искористен и за снимање на терен, потоа домонтаѓа на веќе постоечките спотови, студиска изработка на потполно нов наменски за оваа камапања видео спот со актерот и комичар Бојан Велевски, како и изработка на банер за сајт, и договарање на бесплатни и платени објави на телевизизи и фејсбук страници. Резултатите беа потполно завршени проектни задачи, и тоа, внесени дата податоци на преку 3000 туристички оператори кои примаат ваучери, потоа редизајниран сајт, снимен видео спот, направен банер, пуштена маркетинг кампања на фесјбук и на интернет, како и на локалните телевизии. Во овој период започна ослободувањето од КОВИД-19 мерки и објавувањето на протоколите за летување, фактички и туристичката сезона во која главен пик беа Охрид и Струга, помалку Дојран и другите планински места како Маврово и Берово, и со тоа самата апликација беше промовирана на интересен и разбирлив видео спот кој точно на комичен начин, прифатлив за граѓаните измачени од мерките за КОВИД-19, им даваше можност да се информираат и своите ваучери да ги искористат на најсоодветен начин погоден за нивните планови за летување. Кампањата беше полн погодок, за тоа говорат и фејсбук податоците, како и податоците добиени од Google Analitiks. Комуникацијата со граѓаните одеше дотаму што некои од нив поради видливоста и сеприсутноста на рекламата ни поставуваа прашања каде можат да ги подигнат своите ваучери. Заедно со кампањите спроведени од Владата на Северна Македонија кампањата на МФС и овој проект допринесоа за мега успешна акција и помош кон граѓаните кои максимално ја прифатија мерката и ја искористија во полн капацитет. ВО прилог:слики од сајтот, фејсбук профилот, кампањите, спотот, спотовите. Сајтот, и апликациите и сега ја врват кампањата и ќе бидат подготвени за следното лето www.evergreenmacedonia.mk

## 3. Спроведени активности и резултати од проектот во периодот на известување

2.1. Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности во периодот на известување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1.Активност 1.1 Подготовката -поради недостатокот на време и активниот почеток на 19.06.2020 | Поради недостатокот на време и активниот почеток на 19.06.2020, активностите се одвиваа многу брзо.Беше обезбедена подготовка на ресурсите, адаптација на софтверот со фирмата Вестел која ја одржува страницата и двете апликации и обезбедена подршка од нив, беа обезбедени два ИТ инженери за првите и вторите два месеци, беа обезбедени соодветни дата имплементатори, склучен Договор со снимател и фотограф за дополнителна материјали кои подоцна беа имплементирани во веќе постоечките спотови, беше редизајнирана основната страница, беа вметнати сите податоци кои се однесуваат на овој проект, беше обезбедена архива на податоци за туристичките оператори во соработка со Министерството за економија и Агенцијата за туризам, беше обезбедено студио, напишано сценарио за промотивниот спот, обезбедени актери, се приклучија волонтери на МФС кои допринесоа да се покрене и зголеми капациетот на организацијата, беа направени предпродукциски дејствија, набавени ситни сценографски елементи,создадени неопходни технички условии проектот да се реализира во дадениоте рокови.Исто така највниот маркетинг е стартуван. Се чекаа само туристичките оператори кои ќе примаат ваучери, кои министерството и проектот Дома си е доманајавија дека ќе ги објават на 06.07.2020 | 19.06.2020-01.07.2020 | Создадена е база Проектот да влезе во втора фаза. Направени се сите подготовки, а некои работи се комплетно завршени како редизајн на страна, сценарио, договори за сите позиции во проектот и квалитетни личности, опрема, сценографија и костимографија, маркетионг оператор, студио, економски оператор за поставување на банер, обезбедена дебитна картичка од банкарски оператор за спроведување на фејсбук кампањата како приоритет.Значи беше завршена целосната предпродукција на Проектот. |
| 2.Активност 2.1-Внесување на дата | Внесувањето и активноста бр.2 на податоците во голема мерка зависеше од објавувањето на економските | 01.07.2020 до 15.07.2020 | Резултатите беа потполно завршени проектни задачи, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| податоци од страна на квалификувани и изработка на промотивен материјал | оператори кои ќе примаат ваучери издадени од Владата, за да може Проектот да ја има таргетната цел. Бе аобјавени на 06.07.2020 и веднбаш се пристапи кон нивно внесување и основното внесување беше завршено за 15 дена, но потоа до крајот на проектот дата операторите-внесувачи ги адаптираа податоците со соодветна слика, проверка на телефон, на мејл, дали објектот постои, гугл мапаинг. Овој период беше искористен и за снимање на терен, потоа домонтаѓа на веќе постоечките спотови, студиска изработка на потполно нов наменски за оваа камапања видео спот со актерот и комичар Бојан Велевски, како и изработка на банер за сајт, и договарање на бесплатни и платени објави на телевизизи и фејсбук страници. | | и тоа, внесени дата податоци на преку 3000 туристички оператори кои примаат ваучери, потоа редизајниран сајт, снимен видео спот, направен банер, пуштена маркетинг кампања на фесјбук и на интернет, како и на локалните телевизии |
| 3.Активност 3.1 Маркетинг промотивна кампања | Во овој период започна ослободувањето од КОВИД-19 мерки и објавувањето на протоколите за летување, фактички и туристичката сезона во која главен пик беа Охрид и Струга, помалку Дојран и другите планински места како Маврово и Берово, и со тоа самата апликација беше промовирана на интересен и разбирлив видео спот кој точно на комичен начин, прифатлив за граѓаните измачени од мерките за КОВИД-19, им даваше можност да се информираат и своите ваучери да ги искористат на најсоодветен начин погоден за нивните планови за летување. | 15.07.2020 до30.09.2020 | Кампањата беше полн погодок, за тоа говорат и фејсбук податоците, како и податоиците добиени од Google Analitiks. Комуникацијата со граѓаните одеше дотаму што некои од нив поради видливоста и сеприсутноста на рекламата ни поставуваа прашања каде можат да ги подигнат своите ваучери. Заедно со кампањите спроведени од Владата на Северна Македонија кампањата на МФС и овој проект допринесоа за мега успешна акција и помош кон граѓаните кои максимално ја прифатија мерката и ја искористија во полн капацитет. ВО прилог:слики од сајтот, фејсбук профилот, кампањите, спотот, спотовите. Сајтот, и апликациите и сега ја врват кампањата и ќе бидат подготвени за следното лето www.evergreenmacedonia.mk |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

МЛАДИНСКИ ФОРУМ